20262604668

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22, 171/22, 3/25, 124/25 и 212/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 ноември 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за инвестирање во животната средина за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.54/26 и 133/26), делот I се менува и гласи:

„Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2026 година.”.

II

Во дел II ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени во член 162 од Законот за животната средина и се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25 и 174/26), раздел 12101, потпрограма 23, потпрограма 24, потпрограма 25, потпрограма 2Е и потпрограма С1, сметка 631 во вкупен износ од 810.821.000,00 денари.”.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Дел од средствата од ставот 1 на овој дел ќе се наменат за мерки за заштита и унапредување на медиумите на животната средина и природата со спроведувањето на постапка за јавна набавка и склучување на договори, како и договори за финансирање и кофинансирање на проекти.”.

III

Во дел IV точката 4 се менува и гласи:

„Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на водите во Република Северна Македонија во износ од 269.598.000,00 денари;”.

Точката 5 се менува и гласи:

„Поддршка на мерки и активности за заштита на квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија во износ од 86.292.000,00 денари;”.

Точката 7 се менува и гласи:

„Средства за неизмирени обврски на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање во животната средина за 2023, 2024 и 2025 година и намирување на обврските по склучени договори за капитални проекти од областа на животната средина за 2022, 2023, 2024, 2025 година во износ од 274.158.407,00 денари;”.

По точката 8 се додаваат три нови точки 9, 10 и 11 кои гласат:

„9. Кофинансирање на Interreg (Интерег) проекти: Природни решенија за ремедијација на контаминација од перзистентни органски загадувачи (POP's)" и "ENLIA – Environmental Liability (Еколошка одговорност)" во износ од 2.072.593,00 денари;

10. Кофинансирање на проект за декарбонизација и зелена трансформација на такси-превозот во износ од 50.000.000,00 денари и

11. Санација и модернизација на колекторски систем Охрид и Струга во износ од 19.600.000,00 денари".

IV

Во дел V ставот 5 се менува и гласи:

„Средствата од дел IV точка 7 од оваа програма ќе се реализираат за неизмирени обврски согласно договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2023, 2024 и 2025 година и намирување на обврските по склучени договори за капитални проекти од областа на животната средина за 2022, 2023, 2024, 2025 година.".

По ставот 6 се додаваат три нови става 7, 8 и 9 кои гласат:

„Средствата од дел IV точка 9 од оваа програма ќе се реализираат со договори за кофинансирање на Interreg (Интерег) проекти: „Природни решенија за ремедијација на контаминација од перзистентни органски загадувачи (POP's)" и „ENLIA – Environmental Liability (Еколошка одговорност)".

Средствата од дел IV точка 10 од оваа програма ќе се реализираат за кофинансирање на проект за декарбонизација и зелена трансформација на такси-превозот.

Средствата од дел IV точка 11 од оваа програма ќе се реализираат за санација и модернизација на колекторски систем Охрид и Струга".

V

Во дел VI точката 3) се брише.

Точките 4), 5), 6), 7), 8) и 9) стануваат точки 3), 4), 5), 6), 7) и 8).

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-8337/10
3 ноември 2026 година
Скопје